**Црвен крст на Република Северна Македонија**
**Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut**
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ / KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

# ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЦЕНТАР ЗА ДАВАЊЕ ПОМОШ ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ




## ЗА НАС

Во рамките на Црвен крст на град Скопје од септември 2011 година се имплементира проект посветен на грижата на стари лица т.е. проектот: **„Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“** кој е поддржан од Град Скопје и Фондација Албиз. Проектот се развива и имплеметира со основна цел за развивање форми на вонинституционална заштита и обезбедување грижа и здравствена заштита на стари и изнемоштени лица. Во рамките на проектот постојат три дневни центри за стари лица и тоа во ДХО Даре Џамбаз, во ООЦК Чаир и во Сарај кај ОУ„Дитурија".

## УСЛУГИ И АКТИВНОСТИ

- Чиконг вежби
- Здравствено-превентивни активности
- Разни креативни, сликарски работилници, работилници за плетење
- Административна поддршка
- Хуманитарни активности и базари
- Заеднички прошетки (*паркови, музеи, театар, кино и сл.*);
- Дискусии на разни теми (*книги, филмови, актуелни состојби*);
- Одбележување на календарските активности на Црвен крст (*Недела на срцевосадови заболувања, Недела на борба против туберкулоза, Недела на грижа за стари лица, Светски ден на старите лица и др.*);
- Организирање на друштвени и / или натпреварувачки игри (*шах, карти, домино*)
- Музички активности

**КОНТАКТ:**
071/ 367 - 909 или 02 / 3228 -347

Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ / KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT



# ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЦЕНТАР ЗА ДАВАЊЕ ПОМОШ ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ



**Целна група на проектот** се стари и изнемоштени лица кои живеат сами или со својот брачен другар, кои имаат потреба од медицинска и психо-социјална поддршка во домашни услови и активни стари лица кои имаат потреба од социјализација и програма за активно стареење во концепт на дневен центар за стари лица.

**Специфичните цели на проектот се:**

**Унапредување на квалитетот на животот, здравјето и психо-физичката состојба на старите лица;**

**Задоволување на здравствени и социјални потреби на старите лица;**

**Социјализација и збогатување на степенот на едукација на старите лица;**

**Промовирање на активно стареење и активен пристап кон животот во староста;**

**Промовирање на волонтерство, вклучување на граѓаните во доброволна работа и активности.**

За реализација на целите на проектот наменет за старите лица кои се целна група на проектот, програмата има развиено структура за дејствување и функционирање на терен односно за давањето грижа во домашни услови.

Секое старо лице е посетено во неговиот дом од медицинско лице и волонтер еднаш во неделата или согласно со потребите. Во проектот за потребите на старите лица се инволвирани 5 волонтери и 5 медицински лица.

Посети од страна на медицински лица се реализираат на подрачјето на 8 општини: **Центар, Кисела Вода, Карпош, Ѓорче Петров, Чаир, Бутел, Шуто Оризари и Сарај.**

## Услугите кои ги дава медицинското лице во домашни услови се:

- Мерење на шеќер во крвта
- Мерење на притисок
- Контакти со матичниот лекар
- Делење на бесплатни лекови (*предвидени во проектот*)
- Давање на совети за земање терапија
- Давање на совети за исхрана
- Придружба на старото лице при одење на лекар

## Услугите кои ги даваат волонтерите во домашни услови се:

- Разговори и други активности за социјализација
- Делење на храна
- Помош во купување на прехранбени продукти, лекови и сл.
- Придружба на старото лице при одење на лекар, прошетка и сл.
- Завршување на административни работи за старото лице

**КОНТАКТ:**
071/ 367 - 909 или 02 / 3228 -347